РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 100 -та седница одржана на 06.02.2024 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот со број 12- 1481/1 од 07.04.2021 година, оформен по допрен глас од медиуми по однос на објавени наводи во врска со изведување на градежни работи за изградба на зграда кај ------- ------ во населбата --------------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување од причина што не се пронајдени суштински слабости не се детектирани неправилности во предметната постапка за донесување на детален урбанистички план.

По однос на наводите за стекнување на имот на предметната локација од страна поранешниот градоначалник на Општина ------------, наводите се потврдуваат и во врска со констатираната сопственост на недвижност - деловен простор од 312 м², запишан во катастарската евиденција со право на сопственост на правно лице ----------- --------- ------------ како и по однос на располагањето со истиот, ДКСК ќе извести и ќе ги достави наводите на надлежно постапување на друг надлежен орган: на надлежно Основно јавно обвинителство и Управата за финансиска полиција на РСМ.

Предметот со број 12- 1481/1 од 07.04.2021 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

ДКСК, по сопствена иницијатива оформи предмет по заклучок донесен на колегиум одржан на ден 06.04.2021 година, со службена белешка за отворање на предмет број 12-1481/1 од 07.04.2021 година, по допрен глас од медиуми по однос на објавени наводи во врска со изведување на градежни работи за изградба на зграда кај ---------- -------- во населбата ---------. Во објавениот текст се наведува дкеа за предметната зграда во време на владеењето на поранешниот градоначалник на Општина -----------------------------------, бил сменет ДУП-от со кој на наведената локација се впишала градежната маркица за оваа зграда и се дозволила изградба на деветкатницата, а во која ------------ бил сопственик на деловен простор од 312 квадрати кој го купил од фирмата инвеститор ----------, а кој ќе го исплател преку договорен закуп на деловниот простор склучен со фирмата ---------- ----------.

Во насока на утврдување на фактичката состојба за предметниот случај, ДКСК побара од Општина ------------ да се доставаат податоци и информации во врска со предметните наводи односно, да се достави целосна информација со копија од соодветна документација по однос на Деталниот урбанистички план (ДУП) кој бил изменет и донесен за локацијата кај ---------- ------- во населбата --------------, а со чија што измена на наведената локација се впишала градежната маркица и се дозволила изградба на зградата деветкатница. Исто така, од Општината побарано е и да достави е линк од системот е-урбанизам за постапката на изработување и донесување на Детален урбанистички план за градска четврт И10 Општина --------------, плански период 2016-2021 година; од системот е-урбанизам за постапката на изработување и донесување на Планска програма за ДУП за градска четврт И10 Општина --------------, плански период 2016-2021 година и од системот е-урбанизам за ПИМ за ДУП за градска четврт И 1О Општина --------------, плански период 2016-2021 година.

По барањата, добиени се бараните податоци и по извршен увид во целокупната документација за предметот, ДКСК го констатира следново:

- Во Општина ------------- било доставено Барање/Иницијатива од 04. 08.2016 година, од ----------------------, за изработка на ДУП за градска четврт И10. Изработката на урбанистички план била содржана во годишната програма Ф1 - урбанистичко планирање за 2016 („Службен гласник на Општина ----------" број --/2015). Барањето било разгледано од Комисијата за урбанизам формирана од градоначалникот на Општина ------------- со Решение од 25.08.2015 година и било дадено известување од 09.08.2016 година, до Советот на Општината дека согласно Закон за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15 и 31/15), ќе се почне постапка за донесување на предметниот ДУП. Советот на Општината со Заклучок од 29.08.2016 година, ја усвоил информацијата на Комисијата. Предметната катастарска парцела во опфатот на претходен ДУП била со намена зеленило, но при изработката на новиот ДУП за градска четврт И10, за период 2012 - 2022 година, се земала намената домување, зададена со ГУП-от како план од повисок степен.
- Во електронскиот систем е-урбанизам од страна на планерска куќа -------------------------------, било поднесено Барање за одобрување на Планска програма за изработка на ДУП за градска четврт И10 од 28.09.2016 година. Истото било разгледано од

Комисијата за урбанизам и согласно важечкиот ГУП (Генерален урбанистички план) на Град Скопје за период 2012- 2022 година, Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.М. бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 142/15, 217 /15, 222/15, 228/15, 99/16 и 134/16), бил даден Предлог од 30 09 2016 година до градоначалникот, за одобрување на Програмата.

- На 04.08.2016 година, била отворена постапка во електронскиот систем е-урбанизам за донесување на Детален урбанистички план за градска четврт И10. Изработувач на урбанистичкиот план била планерската куќа Друштво за трговија и услуги ---------------------------------------, а ревидент бил Друштво за градежништво, трговија и услуги -----------------------, кој извршил стручна ревизија.

По разгледувањето на приложената документација изготвено било стручно Мислење од 10.11.2016 година, со одредени забелешки од Комисијата за урбанизам, на кои што планерот одговорил и ја корегирал приложената документација, што било констатирано од страна на Комисијата за урбанизам во Мислењето од 14.11.2016 година. Понатаму во постапката, биле побарани информации и мислења од сите надлежни институции и органи и била водена Јавна анкета и Јавна презентација. Согласно законските одредби по добивањето на стручните мислења од надлежните институции и органи била донесена Одлука од 06.04.2017 година од страна на Совет на Општина ---------------, за донесување на Детален урбанистички план за градска четврт И10, Општина ------------- за плански период 2016 - 2021.

- За потребите на надлежното постапување на ДКСК, направен е увид во електронската евиденција на Агенцијата за катастар на недвижности на РСМ, по однос на проверка на податоци за предметната катастарска парцела а во врска со носителите на правото на сопственоси и на правните основи на запишувањата на сите промени на недвижноста.

Од увидот е констатирано дека предметната парцела -------------- е запишана во КО -----------------, Катастарска област Скопје----, во ИЛ -----------. На страна 32, од имотниот лист, под реден број ---- како носител на право на сопственост на дел на недвижноста е запишано правно лице ------------------------, а како правен основ на запишувањето е наведен Договор за купопродажба ------------------- од 20.01.2021 од Нотар --------------------------------------.

Истиот имот е содржан во ИЛ ------------ КО --------------------, запишан како ДП (деловен простор) во површина од 312 м², во сопственост на правно лице -----------------------------, со правен основ на запишување: Договор за купопродажба ОДУ БР.------- од 20.01.2021 од Нотар ---------------- Скопје. За предметниот имот запишани се две прибележувања и тоа: ДТ на големо и мало и услуги ------------------------------------------------, како закупец во времетраење од 12 години, почнувајќи од 12.12.2020 година заклучно со 12.12.2032 година (правен основ на запишување Договор за закуп на деловен простор ------------------ од 29.01.2021 од Нотар -------------------); како и ---------------------------------------------- Скопје, како закупец како закупец за период од 5 години, од 01.03.2022 година до 28.02.2027 година (правен основ на запишување Потврда (Солемнизација) на приватна исправа - договор за закуп на недвижен имот ---------------- од 06.02.2022 год. од Нотар ------- ----------.

Од сето погоре констатирано, ДКСК утврди дека во постапката за изработување и донесување на Измена на Деталниот урбанистички план (ДУП) која се однесувала на предметната локација за градска четврт И10 не се пронајдени суштински слабости и не се детектирани неправилности, додека по однос на наводите за стекнување на имот на предметната локација од страна поранешниот градоначалник на Општина ------------, ---------------------------, наводите се потврдуваат и во врска со констатираната сопственост на недвижност - деловен простор од 312 м², запишан во катастарската евиденција со право на сопственост на правно лице ----------------------------------------- како и по однос на располагањето со истиот, ДКСК ќе извести и ќе ги достави наводите на надлежно постапување на друг надлежен орган - на надлежно Основно јавно обвинителство и Управата за финансиска полиција на РСМ.

Имајќи го предвид наведеното, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување за предметниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изработил: Ј.Ц.
Одобрил: С.П.Д., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**